	GEORGIA, GEO	0	0	2
29	ARMENIA, ARM	0	0	1
	AUSTRIA, AUT	0	0	1
	SLOVENIA, SLO	0	0	1
	BULGARIA, BUL	0	0	1
	PORTUGAL, POR	0	0	1
	IRELAND, IRL	0	0	1
	SERBIA, SRB	0	0	1



По враќањето како и пред секое тргање од европското првенство делегација од КФМ беше примена од директорот на агенција за млади и спорт г-дин Наумче Мојсовски, кој самиот истакна за големиот резултат што го постигнуваат каратистите селекторскиот тим и Карате Федерација на Македонија. Како директор на АМС за овој успех ќе делува да се наградат резултатите со еднократна награда и со стипендија која следува.



За ова Европското Првенство имавме прес во Агенција за Млади и Спорт на кој прес на присутните се обратија: тренерот-селектор за кадети-јуниори Александар Кузмановски и тренерот-селектор на постари јуниори до 21 година Арлинд Хусеини и четворицата освојувачи на медали Столе Смилковски, Стефан Стојановиќ, Матеј Белистојановски и Андреј Басаров, пред присутните новинари од медиумски куќи и пишаниот дневен печат кој секогаш не следат и први ги промовираат настаните од страна на најдобрата федерација во Македонија и се разбира Карате Федерацијата на Македонија и најтрофејниот спорт во нашата држава - каратето.



По одржаниот прес во Агенцијата за млади и спорт

Балканското превенство за деца, сениори и ветерани

15–17 октомври 2021 год. во град Пореч, Република Хрватска

Организатор на Балканско првенство беше Карате федерација на Хрватска и се одржа во спортската сала на туристичкиот комплекс Зелена Лагуна во Пореч, Република Хрватска**.** На ова првенство делегација на Македонија патуваше само со сениорската репрезентација а се претстави и во машка и женска конкуренција според предвидената програма само во индивидуална конкуренција во кумите, во кати индивидуално и екипно и во женска и машка конкуренција. Балканското првенство беше и за деца и ветерани но ние патувавме само со сениорската репрезентација која треба да патува наредниот месец на светско првенсво во Дубаи, така што ова Балканско може да смета како дел и на подготовки и контролни мечеви пред светското првенство.

Карате репрезентацијата на Македонија патуваше во една група која беше предводена од мене како шеф на делегација и стручниот соработник на КФМ Игор Миноски. Од Скопје тргнавме на ден 13.10.2021 год. (среда) со еден автобус на Туристичката Агенција „СКАУТ“. Комплетната делегацијата броеше 22 патници.



Делегацијата пред заминувањето во Скопје

СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ДЕЛЕГИРАНИ ОД КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Br.	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ФУНКЦИЈА	Акредитиран	Организа.
1	BESNIK MURATI	Шеф на делегација	Н.Федерација	KFM
2	ИГОР МИНОСКИ	Стр. соработник	Репрезент	KFM
3	СТОЈАН АНДРИЕВСКИ	Селектор-тренер	Тренер	КФМ
4	АЛЕКСАНДАР КУЗМАНОВСКИ	Селектор-тренер	Тренер	KFM
5	БЛАГОЈА АТАНАСОВ	Судија	Судија	КФБ
6	ДИЛАВЕР БЕЌИРИ	Судија	Судија	КФБ

РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО

ЗА ДЕЦА,СЕНИОРИ И ВЕТЕРАНИ ОДРЖАНО ВО ПОРЕЧ-ХРВАТСКА ОД 15 до 17.2021

Бр	Име и Презиме	Дисцип.	Категорија	Ка. клуб
1	БЕРАТ ЈАКУПИ	кумите	– 84 кг.	Асиарт
2	ЖАРКО АРСОВСКИ	кумите	+ 84 кг.	Штип
3	ФАХИК ВЕСЕЛИ	кумите	– 60 кг.	Олимпик
4	ПЕТАР ЗАБОРСКИ	кумите	– 75 кг.	Макпетрол
5	СИМОНА СИМОВСКА	кумите	+ 68 кг.	Олимпик
6	АНГЕЛА МОЈСОВСКА	кумите	– 68 кг.	Макпетрол
7	САРА РАДИЧЕВСКА	кумите	– 50 кг.	Макпетрол
8	ВЕРОНИОКА КОСТОВСКА	кумите	– 61 кг.	Олимпик
9	ЈОВАНА ГЕОРГИЕВА	кумите	– 55 кг.	Олимпик
10	АЛЕКСАНДАР НЕДЕКОВСКИ	ката	Ката	Металург
11	МАРТИНА АРСОВСКА	ката	ката инд. тим	Гладиатор
12	АНДРЕА АЛЕКСОВСКА	ката	ката тим женски	Гладиатор
13	ТЕА ГАШЕВА	ката	ката тим женски	Гладиатор
14	АЛЕКСАНДАР СПАСОВСКИ	ката	ката екипно машки	Г.Фунакоши
15	ДАВИД СПАСОВСКИ	ката	ката екипно машки	Г.Фунакоши
16	КРИСТИЈАН БАЈОВСКИ	ката	ката екипно машки	Г.Фунакоши



Слика на комплетната делегација на Македонија во моментот на пристигнување

Патувањето на репрезентацијата на Македонија и сместувањето беше организирано преку туристичка агенција „Скаут“- Скопје.

Патувањето во предвидениот правец Скопје – Пореч помина без никакви проблеми во многу добра атмосфера како комплетна репрезентација. Пристигнувањето во хотелот Истра и Албатрос кои беа еден до друг. Во хотелите беше обезбедено доручек и вечера по принцип шведска маса. Хотелите и спортската сала беа во истиот комплекс скоро еден до друг.

Пријавувањето според програмата беше на ден 24.10.2021, од канцеларијата на КФМ правовремено имаше подготвено пријава за нашите натпреварувачи и службените лица, но според правилата на БКФ истите натпреварувачи доколку има некоја измена треба да се пријавуваат на лице место со пасошите, и да се плати котизацијата за настап потоа да се земаат акредитациите и да се изврши мерење. Пријавувањето помина брзо и без никакви промени.

Претседателот Давор Ципек изрази големо задоволство што нашата карате федерација донела позитивна одлука да се врати во КФБ , заеднички се согласивме дека во КФБ треба да има единство и равноправност за да бидеме заедно затоа што само така можеме да бидеме сериозен фактор во ЕКФ и СКФ за постигнување на нашите спортски цели со помагање еден на друг.

На состанок на ИО на КФБ е донесена едногласна одлука за прием на Грција како рамноправен член со сите права и обврски и по нејзино барање да во 2022 година да биде организатор на Балканско првенств за сениори. Исто така на Црна Гора му е доделена организација на Балканското првенство во 2022 година за кадети, јуниори и У–21, додека детското првенство за 2022 година е доделено на Босна и Херцеговина да го организира. Ваква поделба на организирањето на Балканските првенства е многу позитивна за тоа што нема да биде никаква пречка за учеството на Косово. Доколку Србија беше организатор на некое првенство би преставувало проблем за учество на Косово поради меѓусебниот политички проблем што го има Србија со Косово.



Слика од балканското првенство за сениори и деца

СВЕЧЕНО ОТВАРАЊЕ

Како на сите досегашни првенства и на ова првенство се организираше според програмата. На ден 16.10.2021 год. свечано отварање но поради ситуацијата со пандемијата церемонијата беше кратка па оттука во слата беа повикани само по еден натпреварувач кои го носеа знамето на сопсвената држава. На церемонијата краток говор одржа претседателот на Балканската Карате Федерацијата кој е и Претседател на Хрватска Карате Федерација Г-ДИН Давор Ципек кој освен друго побара да му се оддаде почит на покојниот Есат Делихасан претседател на Турската карате федерација. На видеобимот беше покажана и неговата фотографија.

Табела на службените лица од сите држави на Балканско првенство во Пореч

Б.Р	ИМЕ НА ДРЖАВА	КОД	ТРЕНЕРИ	СЛУЖБЕН И ЛИЦА	СУДИ	ВКУПНО
1	Б И Х	BIH	48	2	3	53
2	БУГАРСКА	BUL	4	1	0	4
3	ХРВАТСКА	CRO	55	2	13	70
4	ГРЦИЈА	GRE	7	22	3	32
5	Р.КОСОВО	KOS	2	1	0	3
6	ЦРНА ГОРА	MNO	8	5	4	17
7	МАКЕДОНИЈА	MKD	2	2	2	6
8	СРБИЈА	SRB	17	5	12	34
9	СЛОВЕНИЈА	SLO	12	3	0	15
10	ТУРСКА	TUR	10	1	10	21
ВКУПНО			165	44	47	255



Момент на говорот на претседателот Давор Ципек на свечаното отварање

УЧЕСТВОТО И РЕЗУЛТАТИТЕ

Табела на учесници на Балканско првенство во Пореч

Б.Р	КОД	ИМЕ НА ДРЖАВА	Машки пријавени	Женски пријавени	Пријавени вкупно	Вкупно спортисти
1	BIH	Б И Х	116	112	228	215
2	BUL	БУГАРСКА	9	4	13	10
3	CRO	ХРВАТСКА	80	75	155	148
4	SRB	СРБИЈА	93	95	188	183
5	MKD	МАКЕДОНИЈА	6	7	13	16
6	KOS	Р.КОСОВО	8	6	14	11
7	MNO	ЦРНА ГОРА	62	54	116	108
8	TUR	ТУРСКА	17	16	33	29
9	SLO	СЛОВЕНИЈА	46	36	82	75
10	GRE	ГРЦИЈА	25	17	42	37
ВКУПНО			462	422	884	832

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАНГИРАНИ ДРЖАВИ СПОРЕД ОСВОЕНИ МЕДАЛИ

Р.б	ИМЕ НА ДРЖАВА	Златни	Сребрени	Бронзени	Вкупно
1	СРБИЈА	21	17	29	67
2	БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА	17	20	43	80
3	ЦРНА ГОРА	13	15	18	46
4	ХРВАТСКА	11	12	29	52
5	ТУРСКА	9	6	4	19
6	СЛОВЕНИЈА	7	4	12	23
	ГРЦИЈА	2	2	6	10
7	БУГАРСКА	1	1	1	3
8	Р.КОСОВО	0	1	3	4
9	МАКЕДОНИЈА	0	0	3	3

ВКУПНО ЗЛАТНИ МЕДАЛЈИ	81		
ВКУПНО СРЕБРЕНИ МЕДАЛЈИ		132	
ВКУПНО СРЕБРЕНИ МЕДАЛЈИ			148
ВКУПНО МЕДАЛЈИ НА СИТЕ ОСВОЈУВАЧИ			361

Табеларен приказ на резултатите на нашите репрезентативци во текот на борбите

Р. Б	Име и Презиме	Катего-рија	Карате Клуб	Борби	Број на победи	пласман
1	**Мартина Арсовска**	Ката	Гладиатор	**Коло 1** Пораз	**0**	25 Место
2	**Александар Неделковски**	Ката	Металург	**Коло 1**	**Оценка 25.2**	5 Место
3	**Сара Радическа**	Кумите -50кг	Макпетрол	**Коло 1** (Србија 4:3) пораз **Репасаж** (Турција 7:0) пораз	**0**	**7 Место**
4	**Јована Георгиева**	Кумите -55кг	Олимпик	**Коло 1** (Грција 2:1) победа, **Коло 2** (Б и Х 3:1) победа, **Коло 3** (Турција1:2) пораз, Репасаж (Хрватска 0:0) пораз	**2**	**5 Место**
5	**Вероника Костовска**	Кумите -61кг	Олимпик	**Коло 1** (Турција1:2) пораз,	**0**	**Без Пласман**
6	**Ангела Мојсовска**	Кумите - 68кг	Макпетрол	**Коло 1** (Ц.Г 11:2)пораз, **Репасаж** (Турција 2:0)Пораз		**9 Место**
7	**Симона Симовска**	Кумите +68кг	Олимпик	**Коло 1** (Ц.Г 4:1) победа, **Коло 2** (Турција 3:10)Пораз, **Репасаж** (Грчка 10:1)победа, (Косово 2:1) пораз	**2**	**5 Место**
8	**Фахик Весели**	Кумите -60кг	Олимпик	**Коло 1** (Хрватска 2:0)победа, **Коло 2** (Србија 3:1)победа, **Коло 3** (Словенија3:5)пораз **Репасаж** (БиХ 6:2)победа, Ц . Г 4:1победа	**4**	**3 Место**

9	**Петар Заборски**	Кумите -75кг	Макпетрол	**Коло 1** (Србија 1:0),победа **Коло 2** (Турска 0:0)победа, (Бугарски 0:2)пораз	**2**	**Без Пласман**
10	**Берат Јакупи**	Кумите -84кг	Асиарт	**Коло 1** (Грција 1:0)Победа, **Коло 2** (Србија 0:2)Пораз,	**1**	**Без Пласман**
11	**Жарко Арсовски**	Кумите +84кг	Штип	**Коло 1** (Турција 1:2)пораз, **Репасаж** (БиХ 1:2)Пораз	**0**	**9 Место**
12	Мартина Арсовска Андреа Алексовска Теа Гашева	Ката женски екипно	Гладиатор	**Коло 1**	**Оценка**	**3 Место**
13	Александар Спасовски Давид Спасовски Кристијан Бајовски	Ката машки екипно	Г.Фунакоши	**Коло 1**	**Оценка 24.12**	**3 Место**

ИНДИВИДУАЛНО КАТА – МАШКИ

Табеларен приказ со оценките на натпеварувањето во ката до седмото место

	Име и презиме	Ката	Оценките												
1	Али Софуоглу	021GOJUSHIHO SHO	8.8	8.8	(8.4)	(8.4)	(9.0)	(9.0)	8.8	8.8	8.6	9.0	18.34	7.98	6.32
2	Емре Вефа Гокташ	GOJUSHIHO SHO	8.6	8.6	8.6	8.8	(9.0)	(9.0)	(8.4)	(8.4)	8.6	9.0	18.06	7.92	25.98
3	Матија Релич	SUPARINPEI	(7.8)	8.4	(8.8)	(8.6)	8.8	8.6	8.6	8.6	8.2	(8.2)	17.92	7.68	25.6
3	Енес Оздемир	GOJUSHIHO SHO	(8.0)	(8.4)	8.4	8.6	(8.8)	(9.0)	8.4	8.6	8.6	8.6	17.78	7.74	25.52
5	Александар Неделковски	UNSU	(8.2)	(8.2)	8.4	8.6	8.6	8.2	(8.8)	(8.8)	8.2	8.4	17.64	7.56	25.2
5	Урош Субота	GOJUSHIHO DAI	8.2	8.4	8.2	8.0	(8.8)	(8.8)	8.2	8.4	(7.4)	(7.8)	17.22	7.44	24.66
7	Владимир Мијац	GOJUSHIHO DAI	(8.4)	8.4	(8.2)	(8.2)	8.2	8.2	8.2	8.2	8.4	(8.6)	17.36	7.44	24.8

ЕКИПНО КАТА – МАШКИ

Табеларен приказ со оценките на екипното натпреварување во ката до пето место

	Име на држава	Ката	Оценките												
1	**ТУРСКА** Гоктас, Оздемир, Софуоглу	UNSU	8.6	9.0	8.8	(8.6)	(8.4)	8.6	(9.2)	(9.2)	9.2	9.2	18.62	8.04	26.66
2	**Ц.ГОРА** Кочан, Мијач, Никочевич	UNSU	(8.2)	(8.4)	8.2	(8.2)	8.4	8.4	(8.6)	8.4	8.6	8.4	17.64	7.56	25.2
3	**МАКЕДОНИЈА** Бајовски,Спасовски,Спасовски	GOJUSHIHO SHO	(8.0)	(7.8)	8.0	8.0	(8.2)	(8.2)	8.0	8.2	8.0	8.2	16.8	7.32	24.12
3	**ХРВАТСКА** Есимович, Кокич, Премеч	KANKU SHO	8.0	(8.2)	8.0	8.0	(8.2)	8.2	8.0	8.0	(7.6)	(7.8)	16.8	7.26	24.06
5	**БОСНА и ХЕРЦЕГОВИНА** Налиловић, Халиловић, Салканович	UNSU	(7.8)	7.8	7.8	(7.6)	7.8	7.8	(8.2)	(8.4)	7.8	7.8	16.38	7.02	23.4



Фахик Весели на пиадесталот



Фахик Весели со тренерор Александар



Женски ката тимот



Машки Ката тимот



Ката тимовите со селекторот Стојан Андриевски

25-то Светско превенство за сениори 16 – 21 ноември 2021 година, Дубаи - Обединете Арапски Емирати

Организатор на светското првенство беше Карате федерација на Обединетите Арапски Емирати и се одржа во ХАМАНТ СПОРТ КОМПЛЕКС. На ова првенство учествуваше наша репрезентација во полн состав освен ката тимови. Репрезентацијата беше претставена во машка и женска конкуренција според предвидената програма во индивидуалната и екипна конкуренција во двете карате дисциплини ката и кумите.

Карате репрезентацијата на Македонија патуваше организирано во една група која беше предводена од мене како шеф на делегација и делегат. Од Скопје заминавме со авион преку Истанбул за Дубаи во 09 часот на 13.11.2021 год. (сабота) во Истанбул слетавме во12:40 часот (локално време), од Истанмбул за Дубаи полетавме во 19:35 часот (локално време) во Дубаи слетавме во 01 часот по полноќ (локално време). Превозот до хотелот беше организиран со автобус од страна на организаторот.

Нашата делегација комплетно броеше 18 членови од кои 12 репрезентативци, еден шеф на делегација, 3 тренери и двајца судии. Исто така поради обврските околу судиското полагање, судиите Игор Лазарев и Валентина Пурдеска пристигнаа неколку дена пред репрезентацијата и се вратија еден ден порано бидејќи не беа ангажирани да судат на последниот ден на натпреварот.




Репрезентацијат на Истанбулскиот аеродром

Сместувањето ни беше резервирано преку ТА „Скаут“, во хотелот Ибис со три звезди. По пристигнувањето од аеродромот во хотелот веднаш се сместивме односно многу брзо и сите бевме сместени во двокреветни соби.



По пристигнувањето на ародромот во Дубаи

.




Спортскиот сала каде се одржуваше првенството

НАТПРЕВАРУВАЧИ - РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ :

Р.б	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	КЛУБ	КАТЕГОРИЈА
1	Пулексенија Јовановска	Ф.Гичин	Ката
2	Александар Неделковски	Металург	Ката
3	Сара Радишевска	Макпетрол	Кум - 50 кг.
4	Јована Георгиева	Олимпик	Кум -55 кг.
5	Вероника Костовска	Олимпик	Кум - 61 кг.
6	Ангела Мојсовска	Макпетрол	Кум - 68 кг.
7	Симона Симовска	Олимпик	Кум + 68 кг.
8	Фахик Весели	Олимпик	Кум - 60 кг.
9	Емил Павлов	Штип	Кум - 67 кг.
10	Петар Заборски	Макпетрол	Кум - 75 кг.
11	Жарко Арсовски	Штип	Кум - 84 кг.
12	Берат Јакупи	Асиарт	Кум+84 кг.

Што се однесува околу патувањето и на одење и на враќање поминавме одлично, исто така и сместувањето со исхраната беше на највисоко можно ниво.

Утредента на 14.11.2021 год. во службениот хотел Monvenpick Grand отидовме комлетната делегација на пријавување. Пријавувањето на натпреварувачите и другите од делегацијата помина без никакви проблеми затоа што и немавме измени во делегацијата. На пријавувањето на комплетната делегација ни правеа и антиген тест кој

важеше само три дена и за натпреварувачите и за службените лица.На тестирањето немавме ниту еден случај позитивен.Службениот хотел не беше далеко односно беше лоциран преку патот на нашиот хотел и тамо по потреби одевме пешки.

КОНГРЕС НА WKF

На ден 15.11.2021. Во службениот хотел Monvenpick Grand во едната од салите се одржа и Конгресот на WKF кои според предвидената програма почна во 15 часот и траеше до 19 часот.Истиот помина во добра работна атмосфера.На конгресот со одлука од страна на ИО на КФМ и полномоштво од претседателот г-дин. Драган Стојановски во работата на конгресот учествував јас како делегат од КФМ.



Слики во конгресната сала

Според агендата, Конгресот на WKF се одвиваше по следните точки на дневен ред:

1.Административни формалности, регистрирањето на делегатите беше од 14 часот се одвиваше на време и немаше некои недоразбирања. Се беше во одредениот термин и во најдобар ред.

2.Контрола на учесниците, исто така и при контролирањето на учесниците одеше во предвидениот ред.

3.Утвдување на агендата, конгресот работеше по предложената агенда бидејќи никој од делегатите не бараше да има некоја измена или пак дополнувањето на истата.

4.Отварање на конгресот, конгресот го отвори претседателот на СКФ г-дин.Антонио Еспинос, кој ги поздрави присутните делегати и му се заблагодари на претседателот на Карате Федерацијата на ОАД за организацијата на ова Светско првенство и сите други карате настани што ги организирале. После него поздравен говор одржа претседателот на Карате федерацијата на Обединетите Арапски Емирати г-дин.Нассер Ал Разооќи кој им посака на сите карате делегации добар престој во Дубаи и изрази благодарност што им беше доделена организацијата на овој најголем настан во карате од страна на СКФ како што е 25-тото Светско првенство.

5.**Гласање за трајна дисквалификација,**

По оваа точка се предложи дисквалификација односно да им престане членството трајно во СКФ на следните карате организации кои беа порано одстранети :

I. **Карате Асоциациа на Индиа (KAI),**

III. **Карате–до Федерација на Сингапур (SKF) и**
III . **Карате Униа на Зимбабве (ZKU),**

Со оглед дека немаше ниту еден делегат да се јави за збор ,предлогот за дискваливикација се даде на гласање и едногласно беше прифатен,да на горенаведените карате федерации им престанува понатамошното членство во СКФ.

6.**Гласање за прием на постојани членки,**

Во точката шест се предлажи и едногласно беа прифатени од страна на делегатите да постојани членки во СКФ бидат следните Карате Федерации односно држави:

I . **Бахамас,**
II . **Барбадос,**
III . **Карате Организација на Индија (KIO)**
IV . **Јамајка,**
V . **ДНР Кореја,**
VI . **Филипини,**
VII . **Јужен Судан,**
VIII . **Карате - до Унија на Сингапур (KUS),**
IX. **Ст.Винцент и Гренадини,**
X. **Зимбабве Национална Карате Федерација на (ZNKF)**

7. Усвојување на записникот од Редовниот конгрес во Мадрид 2018 година,

Со оглед на тоа дека немаше доставени никакви забелешки и од присатните делегати немаше ниту барање за забелешки или пак дополнување, записникот едногласно беше прифатен.

8. Извештај на претседателот,

Во својот извештај односно излагање претседателот на Светската Карате Федерација г-дин. Антонио Еспинос немаше нешто посебно нагласано , потенцира дека без оглед на сите состојби па и ситуацијата со пандемијата е многу сработено во карате спортот WKF е нај масовна и единствената карате федерација која ја претставува званичното карате е призната од Меѓународниот Олимписки Комитет и се надева дека ќе бидеме вратени во Олимписките игри . Ние и понатамо сите заедно во сите континенти и сите национални карате федерации треба да работиме во тој правец . Нашите национални карате федерации сите се во нивните матични држави членки на националните Олимписки Комитети тоа истотака е еден голем придонес за нашата федерација.Треба сите заедно да се ангажираме каратето што повеќе да биде присатно во медиумите а тоа преставува еден голем фактор кој ќе помогне за влегување на спонзори во каратето.

9. Усвојување на промените во статутот на СКФ

Промените на статутот што биле предложени и прифатени од страна на Извршниот комитет на СКФ беа дадени на гласање,сите делегати во конгресот едногласно без никаква забелешка ги прифатиле.

10. Извештај на генералниот секретар на СКФ,

Генералниот секретар Тошихиса Нагура во својот извештај зборуваше за реализираните на досегашните активности на СКФ .

11. Извештај за Светското првенство во Дубаи,

Во овој извештај беша нагласено за превземените активности за организирањето на првеството и истото како да се одвива во најдобар можен начин.

12. Извештај на благајникот и усвојување на ревидираните сметки на WKF за 2018, 2019 и 2020 година и усвојување на буџетите за 2021, 2022 и 2023 година

По дадениот извештај од страна на благајникот на WKF Michael Dinsdale , од страна на делегатите беше едногласно прифатен.

Што се однесува во останатите извештаи како што се на претседателот на комисијата за спорт и претседателот на комисијата за натпреварувачки правила немаше нешто посебно за одбележување. Исто така и нивните извештаи од страна на делегатите бе прифатени едногласно.

По другите точки на дневниот ред во конгресот беа видеопрезентирани пред делегатите од страна на организаторите за следните првенства коко што се:

- Младински камп и младинска карате лига 2022 која се организира во Пореч-Репулика Хрватска.
- Светско првенство 2022 , за Кадети,Јуниори и У -21 кое ќе биде организирана од страна на Турската Карате Федерација во градот Коња – Република Турција.
- Светско првенство за Сениори 2023 кое ќе биде одржано во Будимпешта – Република Унгариа.

Конгресот го потврди и предлогот на Извршниот Комитет да 2024 година Светското првенство за Кадети,Јуниори и У -21 да се одржи во Венеција – Република Италија

По значајната точка од дневниот ред беше Стратешко планирање на СКФ за 2023-2025 година, презентација и гласање за усвојување на новата стратегија.Оваа точка привлече посебно внимание на сите делегати особено после презентацијата на стратешкиот план на WKF за развојот на натпреварувачкиот систем,кој предвидува одржување на постојните достигнати нивоа а и обезбедување на понатамошен развој и напредок. Освен тоа неопходно е да се обезбеди нови и атрактивни поттикнувања за натпреварувачите, како и зголемување на нивната посебна важност во државните институции, медиумите и спонзорите. Предложениот стратешки План се темели на два основни аспекти и тоа: Модел спортски интерес на WKF спортски настани.Иако имаше по некои различни размислувања од страна на делегати сепак со голем број на гласови се даде подршка на овој план од причини што истиот ќе допринесе да се развива и усовршува натпреварувањето со имплементација на новите идеи и модели се во духот на унапредување на светските првенства.

МОДЕЛ СПОРТСКИ ИНТЕРЕС НА WKF СПОРТСКИ НАСТАНИ

1- Квалификациони систем на Светски сениорски првенства

- Зголемување на спортскиот интерес и квалитетот на Светското првенство за сениори

2. Двогодишно Светско првенство за сениори

Квалификациона фаза

- Карате 1 Премиум Лига
- Континенталните првенства
- Квалификациони турнири

3. Поделено Светско првенство за сениори

- Поединечно Светско првенство за сениори

- Екипно Светско првенство за сениори

Финална (завршна) фаза

- Светско првенство за сениори



- **Планирање на идните светски првенства кои произлегуваат од одлуката на Конгресот по точката за Стратешкиот План**

Што се однесува за планирањето на идните светски првенства кои произлегуваат од одлуката на Конгресот за стратешкиот План кој предвидува наредните светски првенства да не се одвиваат како до сега што значеше дека сите национални федерации односно држави членки на WKF можеле да учествуваат на светски првенства од секоја категорија по еден натпреварувач. Новиот стратешки План за развој на натпреварувачкиот систем во светското сениорско првенство предвидува да имаат право да учествуваат само 32 натпреварувачи.

По барање на Унгарската Карате Федерација е договорено престојното Светското првенство за сениори во Будимпешта во 2023 година да се одржи под истите правила како до сега, новиот систем кои сме ја гласале на конгрес за Свтските првенства ќе се спроведува од 2024 година.

НОВИ КВАЛИФИКАЦИОНИ СИСТЕМ

- **Квалификациона фаза,** предвидува трање 2 години, 29 спортски настани, 5000 спортисти, 165 земји, 20.000 учесници.

ФИНАЛНА ФАЗА

Прикажена во табела

Начин на квалификација	Спортисти	Резултати
Рангирање	12	Први квалифицирани
Континентални првенства	15	3 освојувачи на медалји 5 освојувачи на шампионати
Квалификациони турнири	3	Освојувачи на медалји
Актуелни Светски шампион од национлни федерации	1	Светски шампион
Домаќин	1	По категориа
Вкупно	32	

Проекција на учествувањето – ФИНАЛНА ФАЗА – учествуваат 80 земји

Квалификациски метод	Учеснички Земји
Рангирање	**45**
Континентални првенства	**25**
Квалификациски турнири	**10**

МОДЕЛОТ НА СВЕТСКИТЕ ПРВЕНСТВА (ЕКИПНО)

ФИНАЛНА ФАЗА

Максимум учествуваат 16 екипи

Континентална Федерација	Екипи	Резултати
E K F	**5**	**Први квалификувани**
A K F	**4**	**Освојувачи на медалји**
P K F	**3**	**Освојувачи на медалји**
U F A K	**3**	**Освојувачи на медалји**
O K F	**1**	**Освојувачи на првенства**

Бенефит на новиот систем на натпреварувањето се:

- Најдобрата спортска форма на спортистите, моментално ограничена на индивидуални турнири,
- Поттикнување на националните федерации за учество на континенталните првенства,
- Нова можност за националните федерации да бидат домаќини на Светското првенство за сениори

Нова можност за националните федерации да бидат домаќини на Светското првенство за сениори

НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА

- Оптимизација на економските и спортските ресурси,
- Зголемен интерес за националните медиуми,
- Зголемување на спортските аргументи за поддршка на владините (државните) институции,
- Зголемување на интересот на спонзорите и навивачите

СПОРТИСТИ


- Зголемување на шансите за нивен подобар спортски развој,
- Подобрување на медиумскиот имиџ на спортистите
- Зголемување на интересот на спонзорите



За време на паузата и по завршување на конгресот имавме разговори со голем број делегати, од кои треба да се потенцираат средбите со генералниот секретар на WKF ***Тошихиса Нагура***, *претседателот на* ***OAE Nasser Al Razoiqi*** , *претседателот на Германска Карате федерација* ***Volfang Vajzertu*** *и благајникот на WKF* ***Michael Dinsdal***

Следниот конгрес на WKF кои би требало да биде и изборен ќе се одржи за време на одржувањето на Светското првенство за кадети ,јуниори и У-21 од 26 до 30 Октомври 2022 во Коња Република Турција.

УЧЕСТВОТО И РЕЗУЛТАТИТЕ



Приказ во картата на државите кои учествувале на Светсото првенство во Дубаи

Табела на учесници на Светско првенство за сениори - Дубаи

Б.р	Име на држава	Код	прij.	натп.
1	АЛБАНИЈА	ALB	5	5
2	АЛЖИР	ALG	15	15
3	АРГЕНТИНА	ARG	2	2
4	АРМЕНИА	ARM	6	6
5	АУСТРАЛИЈА	AUS	8	7
6	АУСТРИЈА	AUT	9	9
7	АЗЕРБАЈЏАН	AZE	14	17
8	БАХРАИН	BHR	2	2
9	БАНГЛАДЕЖ	BAN	6	6
10	БЕЛОРУСИЈА	BLR	11	11
11	БЕЛГИЈА	BEL	13	13
12	БОЛИВИА		6	5
13	Б И Х	BIH	14	19
14	БОТЦВАНА	BOT	2	2
15	БРАЗИЛ	BRA	16	19
16	БУГАРИЈА	BUL	8	8
17	КАМЕРУН	CMR	6	5
18	КАНАДА	CAN	12	11
19	ЧИЛЕ	CHI	12	11
20	КИН.ТАИПЕИ	TPE	14	16
21	КОЛУМБИЈА	COL	14	14
22	ХРВАТСКА	CRO	16	23
23	КУРАКАО	CUR	11	9
24	КИПАР	CYR	5	5
25	Р.ЧЕШКА	CZE	6	8
26	КОНГО	CGO	11	11
27	ДАНСКА	DEN	1	1
28	ДОМЕНИКАНСКА Р.	DOM	12	10
29	ЕКВАДОР	ECU	16	22
30	ЕГИПЕТ	EGY	16	22
31	ЕЛСАЛВАДОР	ESA	4	3
32	АНГЛИЈА	ENG	12	12
33	ЕСТОНИЈА	EST	2	2
34	ФИНСКА	FIN	5	4
35	ФРАНЦИЈА	FRA	16	22
36	ГЕОРГИА	GEO	5	5
37	ГЕРМАНИЈА	GER	15	18
38	ГРЦИЈА	GRE	13	13
39	ХОНКОНГ	HKG	14	15
40	УНГАРИЈА	HUN	14	16
41	ИСЛАНД	ISL	3	3
42	ИНАКФ		8	9

Бр	Име на држава	Код	прij.	спорт
54	КУВАЈТ	KWU	10	17
55	КИРГИСТАН	KGZ	5	5
56	ЛАТВИЈА	LAT	7	7
57	ЛИТВАНИЈА	LIE	4	4
58	ЛУКСЕМБУРГ		5	5
59	МАЛЕЗИЈА	MAS	5	5
60	МАУРИТАНИА		1	1
61	МЕКСИКО	MEX	12	12
62	ЦРНА ГОРА	MNE	13	14
63	МОНАКО		14	16
64	НЕПАЛ		2	2
65	НОВ ЗЕЛАНД	NZL	5	5
66	МАКЕДОНИЈА	MKD	14	12
67	НОРВЕШКА	NOR	5	6
68	ОМАН	OMA	3	3
69	ПАКИСТАН	PAK	4	4
70	ПАНАМА	PAN	1	1
71	ПЕРУ		5	9
72	ФИЛИПИНИ		4	4
73	ПОЛСКА	POL	13	14
74	ПОРТУГАЛИЈА	POR	6	7
75	ПОТО РИКО	PUR	1	1
76	КАТАР	QAT	1	1
77	Кара.тим на емигра		2	2
78	Р.КОРЕА		9	8
79	РКФ		16	25
80	РОМАНИЈА	ROU	14	12
81	САИН ЛУЦИА		2	2
82	САН МАРИНО	SMR	2	2
83	С. АРАБИЈА	KSA	8	10
84	ШКОТСКА	SCO	4	4
85	СЕНЕГАЛ	SEN	1	1
86	СРБИЈА	SRB	14	17
87	СИНГАПУР	SIN	6	6
88	СЛОВАЧКА	SVK	15	20
89	СЛОВЕНИЈА	SLO	5	4
90	СЕВЕРНА АФРИКА	RSA	13	13
91	ШПАНИЈА	ESP	16	20
92	ШВЕТСКА	SWE	9	8
93	ШВАЈЦАРИЈА	SUI	13	15
94	СИРИ.АР.РЕП		2	2
95	ТХАКФ		6	5

43	ИНДИЈА	IND	14	17
44	ИРАК	IRQ	6	7
45	ИРСКА	IRL	10	10
46	ИЗДРАЕЛ	ISR	5	5
47	ИТАЛИЈА	ITA	16	20
48	ЈАМАЈКА	JAM	3	3
49	ЈАПОНИЈА	JPN	16	22
50	ЈОРДАН	JOR	8	10
51	КАЗАХСТАН	KAZ	14	16
52	КЕНИЈА		14	14
53	КОСОВО	KOS	11	11

96	ТУНИС	TUN	5	5
97	ТУРСКА	TUR	16	21
98	ТУРКМЕНИСТАН		1	9
99	УКРАИНА	UKR	14	17
100	О.А. ЕМИРАТИ	UAE	9	12
101	САД	USA	14	14
102	УРУГВАЈ	URU	1	1
103	УЗБЕКИСТАН	UZB	14	15
104	ВЕНЕЦУЕЛА	VEN	5	5
105	ЗИМБАБВЕ	ZIM	1	1

ВКУПНО ДРЖАВИ	**105**

Вкупно Пријавени	**890**

ВКУПНО СПОРТИСТИ	**982**

Во категорија Сениори кумите индивидуално женски -50 кг . Земаа учество 52 натпреварувачи

1. **Сара Радичевска**

Во првото коло изгуби од Тсуки Јуна од Филипини на судиска одлука хантеј на знаменца со резултат 5 спрема 0 , потоа нејзината противничка уште во наредната борба изгуби од Узбекистан а со тоа надежите за борба понатаму или пласман завршија. За оваа натпреварувачка е потребно уште многу тренинг за постигнување на врвен резултат .

1 место	2 место	3 место	3 место
Јапонија Михара Михо	Германија Хубрич Сара	Украина Крива Катерина	Египет Елегвин Јасмин Наср

Во категорија Сениори кумите индивидуално женски -55 кг . Земаа учество 58 натпреварувачи

2. **Јована Ѓоргиева**

Во првата борба извојува победа над Драбау Видау од Алжир со резултат од 3 спрема 0 , во втората борба со Ракхимова Севенич од Узбекистан изгуби со резултат11 спрема 1 и потоа узбекистанката изгуби за влез во полуфиналето со тоа Јована немаше шанси за борби понатаму, иако со повреда на истегнат мускул на задна ложа даде се од себе но треба уште многу учество на вакви големи натпреварувања за да го повтори резултатот што го има од Европско . Потребно е уште многу тренинг и натпревари за постигнување повеќе.

1 место	2 место	3 место	3 место
Египет јосеф Ахлам	Америка Ален Тринити	Бугарија Ивет Горанова	Русија Черникова Ања

Во категорија Кадети кумите индивидуално женски – 61 кг . Земаа учество 62 натпреварувачи

3. **Вероника Костовска**

Е натпреварувач од кој очекував најмногу на Светсково првенство од женскиот тим но за жал дента кога дојдовме да се натпреварува од организаторот бевме тргнати на страна и ни беше кажано дека е позитивна на ковид 19 на тестот кој го правеше претходниот ден навечер . Иако тргна со негативен тест од Македонија и позитивна желба да покаже се што знае беше спречена ќе мора да чекаме наредно првенство за неа да се натпреварува .

1 место	2 место	3 место	3 место
Србија Јована Перкович	Украина Сергина Анита	Холандија Снел Лин	Перу Гранде Александра

Во категорија Сениори кумите индивидуално женски -68 кг . Земаа учество 51 натпреварувачи

4. **Ангела Мојсовска**

Во првата борба изгуби од Марина Ракович од Црна Гора со резултат 5 спрема 4 , Црногорката ја изгуби втората борба и Ангела овој пат немаше среќа да оди понатаму во репасаж , можеби да ја победеше првата борба ќе имаше шанси за уште некоја борба но ќе мора многу да вежбаме и да чекаме наредна шанса .

1 место	2 место	3 место	3 место
Азербеџан Ирина Заретска	Италија Семераро Силвиа	Франција Агер Аиезее	Украина Мелнук Халина

Во категорија Сениори кумите индивидуално машки +68 кг . Земаа учество 54 натпреварувачи

5. Симона Симовска

Во првата борба победи против Абил Софие од Данска со 4 спрема 1 , во Втората борба против Линг Кипрус од Америка изгуби со резултат од 2 спрема 0 , Иако можеше да победи имаше неколку шанси за поен и едно знаме изгуби. Потребно е многу мечеви кои ќе и дадат сигурност и искуство во овој ранг како што е светско првенство . Она нема позначааен резултат , треба многу вежбање и мечеви ако сака да се вмеша во борбите за пласман на вакви големи натпреварувања .

1 место	2 место	3 место	3 место
Шпанија Торес Гарција Марија	Египет Окила Меган Сабан	Казакстан Берутслва Софија	Хрватска Лесјак Луција

Во категорија Сениори кумите индивидуално машки -60 кг . Земаа учество 69 натпреварувачи

5. **Фахик Весели**

Во првата борба со Цинеста Алекс од Америка го победи со поени разли 3 спрема 0 , а втората борба изгуби од квалитетен натпреварувач од Египет Ета Карим кој подоцна изгуби а со тоа Фахик немаше шанси за понатаму. Прв пат е на Светско сениорско првенство. Може повеќе само работа и врвни натпревари квалитетни првенства му требаат .

1 место	2 место	3 место	3 место
Бразил	Италија	Мароко	Русија

Во категорија Сениори кумите индивидуално машки -67 кг . Земаа учество 63 натпреварувачи

6. **Емил Павлов**

Во првата борба со Хомола Матеј од Словачка го победи со поен разлика на 4 спрема 3 а втората борба ја победи со 3 спрема 0 против Узбекистанецот Сајматов сардијан кој ни е добро

познат, во третата борба за влез во пулот победник се бореше со Хамад Абдалах од Јордан и го победивме со 3 спрема 1 и борбата за победник на пул за влез во полуфиналето борба четири Елсави Али од Египет максимално дисциплинирано ја победи со 4 спрема 1 и се пласираше во клучната и најтешка борба за влез во финале , петата борба ја доби со резултатска предност од 3 спрема 3 со сеншу против Тадиси Мартиал од Унгарија . Со ова Емил Павлов се пласираше во големото финале против Стивен Декоста од Франција за два дена каде искочи максимално мотивиран против европскиот Светскиот и актуелниот Олимписки Шампион , На почетокот на борбата имаше рамноправност но по неколку празни акции и пасивнос на удар јоко во гардот на Емил му беше доделен на французинот два поена , тука Емил се отвори и тргна офанзивно каде после акција ни беше нанесен уште 3 поена и разликата беше голема а времето притискасе го изгубивме мечот со добар противник моментално најдобриот во свет но пак ќе кажам ова ни беше прва борба со Стивен декоста и имаше некој респект и неколку шанси што на почетокот не ги искористивме , ова е мотив за наредната борба да му вратиме , јас верувам дека Емил ќе го победи наредниот пат . Можеме да жалиме што не е злато но ова е голем резултат 2 место сребрен медал за каратето во македонија Емил Павлов е Вицешампион на Светот 20.Декември 2021 година .

1 место	2 место	3 место	3 место
Франција	Македонија	Египет	Јапонија

Во категорија Сениори кумите индивидуално машки -75 кг . Земаа учество 73 натпреварувачи

7. Петар Заборски

Петар Заборски имаше пред борба со Менес Каверо од Боливиа каде извојува победа со 1 спрема 0 а потоа во првото коло извојува победа против Баргадос Карлос од Шпамија со 3 спрема 2, во третата негова борба со Гарибович Енис од Хрватска победивме со 1 спрема 0. Четвртата борба и најважната борба против Махмед Куентин од Белгија изгубивме со 4 : 3 бирекол неправедно поради многуте прекини и контакти на противникот кој одеше да заврши борбата што побрзо поради борбеноста на Петар за само неколку секунди да имавме плус ќе го добиевме. Понатаму и Белгиецот изгуби следната борба и Петар немаше други борби. Можам да кажам дека на Петар му треба уште искуство и врвни сениорски натпреварувања , за него ова беше прво Светско сениорско но прикажа одлични борби.

1 место	2 место	3 место	3 место
Узбекистан	Египет	Казакстан	Америка

Во категорија Сениори кумите индивидуално машки - 84 кг . Земаа учество 70 натпреварувачи

8.Берат Јакупи

Во првото коло работеше со Боугине Ануар од Белгија и ја изгуби со резултат 1 спрема 0. Секогаш стартот му е во грч и тежок иако ја имаше офанзивата на цела борба и неколку удари за жал немаше поен. Тоа го искористи противникот и поентираше. Потоа Белгиецот веднаш изгуби работи и тука заврши неговиот настап , и остана бес пласман .

1 место	2 место	3 место	3 место
Египет	Чиле	Јапаонија	Франција

Во категорија Сениори кумите индивидуално машки +84 кг . Земаа учество 64 натпреварувачи

9. Жарко Арсовски

Во првото коло изгуби од Тимерманс Роб од Куракао со 1 спрема 1 , но натпреварувач после во второ кола изгуби веднаш и тука шансите завршија .

1 место	2 место	3 место	3 место
Хрватска	Турција	Србија	Косово



10. Екипен настап на Женска Екипа имаше вкупно 51 држава

Во однос на Екипниот настап на нашата женска екипа бевме хендикепирани со ситуацијата на Вероника Костовска која беше однесена со амбулантно возило до болница каде беше установено дека и на вториот тест за Ковид 19 повторно е позитивна и истата е префрлена во карантин изолирана 10 дена во специјална болница за Ковид 19 тоа беше повеќе од јасно дека освен индивидуално нема да настапи и екипно .

Екипно женски пласмани по репрезентации:

1 место	2 место	3 место	3 место
Египет	Франција	Италија	Колумбија



Во делот на екипниот настап на Машката екипа ќе кажам дека сум горд на постигнатиот резултат а истовремено можам да кажам дека жалам зошто не е медал или борба за медал не делеше многу малку но ќе кажам овие момци дадоа се од себе нештедејќи се ниту во ниеден секунд од борбите нашата компактност за екипа мотивираност и борбеност го постигна најдобриот пласман 7 место на едно светско првенство .



12. Екипен настап Сениори Машка екипа учествува 46 екипи од целиот свет

За Македонија настапија : Фахик Весели , Емил Павлов , Петар Заборски , Берат Јакупи и Жарко Арсовски

Во првото коло бевме слободни чекавме победник од Германија против Кипар

Во второто коло работевме против Германија и извојувавме победа со резултат од 3 спрема 0 Прв работеше Жарко Арсовски , втор Фахик Весели , Трет Берат Јакупи , четврт Петар Заборски и послед немаше потреба да работи Емил Павлов.

Во третото коло се сретнавме со репрезентација на Србија и изгубивме со резултат 1 спрема 3 против нив имавме шанси доколку ги поминевме и да одиме до Финале но за жал изгубивме од квалитетниот состав на Србија Прв работеше Берат Јакупи каде изгуби , Втора борба направи победа Жарко Арсовски , а во третата беше Петар Заборски кој изгуби и во Четвртата борба каде беше и клучна работеше Фахик Весели но за жач ја изгуби , така што ЕмилПавлов немаше можност да се бори . Мечот заврши со 3 спрема 1 за Србија . По ова репрезентација на Србија победи уште две екипи и се пласираа во големото финале . Македонија доби репасаж во првата борба репасажна работевме со Швајцарија каде во првата борба победи Жарко Арсовски , во втората победи Фахик Весели , и во третата последна за нас 3 спрема нула победи Берат Јакупи а со тоа на четвртата Петар Заборски и петата табла Емил Павлов не работеа . Во нашата клучна борба во која ни беше борба за да се пласираме во малото финале и да се бориме за 3 место работевме со искусната репрезентација со Азербеџан каде прв работеше Емил Павлов кој требаше да повлече и да победи за да имаме предност но во борбата со Агаев на крајот неколку секунди 1 спрема нула изгубивме , втор работеше Петар Заборски го загубивме мечот со што на третата табла Берат Јакупи несмееше да загуби но во неизвесна борба при водство на противникот немавме шанси за пресврт изгубивме со 3 спрема 0 и така последните натпреварувши Фахик Весели на четвртата табла и Жарко Арсовски на петата табла немаа можност за борба . Со овој пораз немавме можност да се бориме за медал и се пласиравме на високото 7 место екипно машки во борба на ова Светско Првенство во Дубаи Обединети Арапски Емирати . Од настапот на машката екипа сум задоволен немаше да биде изненадување ако освоевме медел овој состав е квалитетен но во екипа некогаш зависи и промена на натпреварувач во некој моменти и резерви да има за замена или поставување на место која табла кој натпреварувач со која табла на противнички натпреварувач ќе се падне да се бори .Така да останува да работиме континуирано и со план и програм на темпирање на пикот или формата на натпреварувачи со цел поставување на високи спортски резултати


1 место	2 место	3 место	3 место
Италија	Србија	Азербеџан	Казакстан

За **Емил Павлов** ќе кажам Момче со големо срце на кој треба да бидеме горди. Тој е натпреварувач кои ги поместува границите и кој со цело срце се дава себеси за да осви медал за себе за федерацијата за земјата од каде доаѓа .




Испиша историја со освојување на овој сребрен медал од Светско првенство, ова е најголем резултат во македонското карате досега, можам да кажам дека сум горд на постигнатиот резултат баш заради тоа што јас како селектор за Сениори верував во Емил штета што не е злато, но мое мислење е уште многу пати ќе се ИЗРАДУВААМЕ со вакви резултати на Европски и Светски Првенства.

Ова е успех за сите нас од КФМ на чело со претседателот Драган Стојановски, континуирано работење и систем кој го движат сите тела , Извршен Одбор , судидка комисија , натпреварувачка комисија, клубовите членки на Карате Федерација на Македонија буквално сите клубови, натпреварувачи, тренери, селектори , судии, извршниот,претседателот, АМСи МОК докажавме дека сите заедно со позитивна енергија ќе направиме уште резултати .

Мој предлог за понатаму останува навремено избор на Сениорска репрезентација три месеци со првиот тим учество по натпревари премиер и серија а подигање на форма кампови и припреми на повеќе денови за постигнување на целите а тоа е освојување на медал од светско и европско првенство.







На пресот по враќањето од Светското првенство се одржа прес во АМС каде беше кажано за големиот резултат во борба на Емил Павлов 2 место сребрен медал високото 7 место екипно мажи и 7 место во кати на Александар Неделковски . Селекторите Александар и Стојан истакнаа благодарност до АМС и соработката да продолжи и понатаму .



Покрај натпреварувачите ние во делегација имавме и двајца карате судии Игор Лазарев и Валентина Пурдеска кои со предлогот на СК на КФМ и донесената одлука на ИО на КФМ беа одредени во Дубаи да полагаат за повисоки Светско судски звања, со задоволство можам да кажам дека испитот нашите судии го положиле со одличен успех и Игор Лазаров се здоби со последната и највисоката Светска Referee A лиценца за кумите и Валентина Пурдеска со највисоката Светка судиска А лиценца во ката и претпоследната Referee B во кумите.





Игор Лазарев и Валентина Пурдеска со добиените судиски Дипломи

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА БОРБИТЕ НА НАШИТЕ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ ВО ДУБАИ

Р. б	Име и Презиме	Категорија	Карате Клуб	Борби	Број на победи	Пласман
1	**Пулексенија Јовановска**	**Ката женски**	Ф.Гичин	**1 Коло** Во грпата од 7 натпреварувaки со оценки е втора **(23.86)** **2 Коло** Во грпата од 8 натпреварувaки со оценки е втора **(24.18)**	Оценките **1.коло 23.86** **2.коло 24.18**	Без Пласман
2	**Александар Неделковски**	**Ката машки**	Металург	**1 Коло** Во грпата од 9 натпреварувачи со оценки е втор **(23.52)** **2 Коло** Во грпата од 8 натпреварувачи со оценки е втора **(24.0)** **2 Коло** Во грпата од 9 натпреварувачи со оценки е втор **(24.0)**	Оценк **1.коло 23.52** **2.коло 24.0** **3.коло 24.48**	7 Место
3	**Сара Радичевска**	**Кумите женски -50кг**	Макпетрол	Коло 1 (Филипине 0:0)Пораз	0	Без Пласман
4	**Јована Георгиева**	**Кумите женски -55кг**	Олимпик	Коло 1 (Алгериа 0:3)Победа, Коло 2 (Узбекистан 11:1)Пораз	1	Без Пласман
5	**Вероника Костовска**	Кумите Женски -61кг	Олимпик	Не се натпреварувaше поради позитивна на ковид тестот	//	//
6	**Ангела Мојсовска**	**Кумите женски -68кг**	Макпетрол	Коло 1 (Црна Гора 5:4)Пораз	0	Без Пласман
7	**Симона Симовска**	**Кумите женски +68кг**	Олимпик	Коло 1 (Данска4:1)Победа, Коло 2 (САД 2:0)Пораз	1	Без Пласман
8	**Македонија**	**Кумите тим женски**	КФМ	Коло 1 (Гррциа 2:0)Пораз	0	Без Пласман
9	**Фахик Весели**	**Кумите машки -60кг**	Олимпик	Коло 1 (Колумбиа1:3)Победа, Коло 2 (Египет 6:1)Пораз	1	Без Пласман
10	**Емил Павлов**	**Кумите машки -67кг**	**Штип**	Коло 1 (Словачка 3:4) Победа, Коло 2 (Узбекистан 0:3)Победа, Коло 3 (Јордан 1:3)Победа Коло 4 (Египет 1:4)Победа Полуфинале (Унгарија 3:3) Победа Финале (Франција) 8:0 Пораз	**5**	**2 Место**
11	**Петар Заборски**	**Кумите машки -75кг**	Макпетрол	Коло 1 (Боливија 1:0) Победа Коло 2 (Шпаниа 2:3) Победа, Коло 3 (Хрватска 0:1) Победа, Коло 4 (Белгија 4:3) Пораз	**3**	Без Пласман
12	**Берат Јакупи**	**Кумите машки -84кг**	Асиарт	Коло 1 (Белгиа 1:0)Пораз	0	Без Пласман
13	**Жарко Арсовски**	**Кумите машки +84кг**	Штип	Коло 1 (Куракао 1:1)Пораз	0	Без Пласман

14	**Македонија**	**Кумите тим Маши**	КФМ	Коло 1 (Германиа 0:3)Победа, Коло 2 (Србиа 3:1)Пораз **Репасаж** (Азербејџан 3:0) Пораз	1	7 Место

Во текот на престојот на нашата карате делегција во Дубаи остварен е контакт со нашата Амбасада во Абу Даби , кога Абасадорот **г-дин Абдулкадар Мемеди** разбра дека карате репрезентација на Македонија е во Дубаи на Светско карате Првенство ,преку неговиот советник барал од мене да не посетат во хотелот каде ние бевме сместени. Барањето беше да дојдат заедно со службената делегација на Собранието на Македонија предводена од Претседателот **г-дин.Талат Џафери** во чии состав беа и пратениците **г-дин. Дарко Каевски** , **г-дин Бедри Фазлиу** , **г-дин. Хисни Исмаили** како и други нивни соработници.Се разбира дека мојот одговор беше дека за нас ќе биде огромно задоволство нашиот Абасадор со постојаниот советник **г-дин. Валентин Митревски** и економскиот советник **г-дин.Бекир Ајдини** и највисоката државна делегација да не посетат**.** За наша среќа беше во исто време во Дубаи да се најде и нај високата наша парламентарна делегација да се добродјдени. На 17.11.2021год. Емил Павлов се пласира во финале и истиот ден јас ја договорив посетата на Амбасадорот заедно со Парламентарната делегација да не посетат во хотелот ,се разбира дека одма истиот ден во 21 часот пристигнаа Амбасадорот заедно со претседателот на Собранието и другите во делегацијата. Во таа средба сите се осетивме појаки и посигурни дека не сме сами во Дубаи.

